**НЕДКОВА, Кристина**

УДК: 343.61
343.61(497.7)"2000/2019"

# КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНО ДЕЛО УБИСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НЕГОВАТА ПОЈАВА, ВО ПЕРИОД ОД 2000-2019 ГОДИНА

**Апстракт**

Крвните деликти или кривичните дела против животот и телото ги опфаќаат сите дејствија со кои се напаѓа животот и телесниот интегритет на човекот. Типичен претставник на таа група кривични дела и дело со кое се напаѓа можеби и најважното човеково право, е убиството. Со него се напаѓа животот кој е биолошко-социолошки единствена појава, процес чии различни фази, за законодавецот се еднакви. Правото на живот е природно човеково право, втемелено во Универзалната декларација за човекови права, каде е наведено дека секој човек има право на живот. Аналогно на декларацијата и во Уставот на Република Македонија, член 10 е наведено дека животот на човекот е неприкосновен. Во Република Македонија не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ. Доколку зборуваме за кривичното дело убиство овде би се споменало дека тоа постои насекаде низ светот, тоа е присутно секаде без разлика на раса, етничка припадност, бојата на кожа, националната припадност, полот, религијата и класата. Историски гледано, убиството постои од секогаш, постоело во минатото, постои сега и во иднина ќе постои бидејќи како дело иако е казниво, убиството како такво е само по себе специфично и иако државата и правосудните органи се стремат да го искоренат целосно, тоа е скоро невозможно и не може да се спречи. Убиството е инкриминарно со закон, целта на самото инкриминирање е всушност да се казнат сите форми на убиство. Но гледано од аспект на инкриминирањето нема да биде доволно само инкриминирањето на убиството, туку потребно е да се направи и длабока анализа во смисла на тоа кои се најчестите причини за негова појава, во кои облици може да се појави односно на кој начин може да се манифестира, врз кој може да се врши, кои се последиците од таквото насилство сè со цел луѓето да можат полесно да проценат дали се потенцијални жртви на самото дело иако, за конкретното дело е скоро невозможно од виктимолошки аспект, односно од страна на жртвата да забележи пред време дека таа самата може да биде и потенцијална жртва на самото дело убиство, доколку гледаме низ призмата на убиството и на неговите криминолошки аспекти.

**Клучни зборови:** *убиство, фактори, етиологија, феноменологија, виктимологија, темна бројка.*

**NEDKOVA Kristina**

УДК: 343.61
343.61(497.7)"2000/2019"

# CRIMINOLOGICAL ASPECTS OF THE CRIME OF MURDER IN THE TERRITORY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND ITS OCCURRENCE, IN THE PERIOD FROM 2000-2019

**Abstract :**Blood crimes or crimes against life and body include all actions that attack the life and bodily integrity of a person. A typical representative of that group of crimes, and a crime that attacks perhaps the most important human right, is murder. It attacks life, which is a biologically-sociologically unique phenomenon, a process whose different stages, for the legislator, are equal. The right to life is a natural human right, based on the Universal Declaration of Human Rights, which states that every person has the right to life. Analogous to the declaration, Article 10 of the Constitution of the Republic of Macedonia states that human life is inviolable. In the Republic of Macedonia, the death penalty cannot be imposed on any basis. If we are talking about the crime of murder, it would be mentioned here that the same thing exists all over the world, the same thing is present everywhere, regardless of race, ethnicity, skin color, national affiliation, gender, religion and class. Historically speaking, murder has always existed, existed in the past, exists now and will exist in the future because as an act, although it is punishable, murder as such is specific in itself and although the state and the judicial authorities strive to eradicate it completely, it is almost impossible and cannot be prevented. Murder is criminalized by law, the purpose of criminalization itself is actually to punish all forms of murder. But from the point of view of incrimination, it will not be enough just to incriminate the murder, but it is also necessary to do a deep analysis in terms of what are the most common reasons for its occurrence, in which forms it can appear, i.e. in what way it can be manifests, on whom it can be perpetrated, what are the consequences of such violence, in order for people to be able to more easily assess whether they are potential victims of the crime itself, although, for the specific crime, it is almost impossible from a victimological point of view, that is, for the victim to notice before time that she herself could be a potential victim of the act of murder itself, if we look through the prism of murder and its criminological aspects.

**Keywords**: *murder, factors, etiology, phenomenology, victimology, dark figure.*

## ВОВЕД

Криминалитетот претставува многу сложена и динамична општествено негативна појава која е прилагодлива на општествените движења и промени. Под криминалитет се подразбираат најтешките облици на поведенија на неправо што го носат квалификативот на општествено опасни и како такви се пропишани и санкционирани со законските прописи. Криминалитетот е збирен поим на различни по вид и тежина криминални, антисоцијални, асоцијални и деликвентни поведенија на поединци и групи што општеството ги забранува и казнува поради тоа што претставуваат повреда и загрозување на некоја правна норма со која, во воспоставениот правен поредок, се напаѓаат и загрозуваат некои заштитени и

загарантирани индивидуални и општествени добра и вредности, права и слободи. Доколку зборуваме за кривичното дело убиство овде би се споменало дека тоа постои насекаде низ светот, тоа е присутно секаде без разлика на раса, етничка припадност, бојата на кожа, националната припадност, полот, религијата и класата. Историски гледано, убиството постои од секогаш, постоело во минатото, постои сега и во иднина ќе постои бидејќи како дело иако е казниво, убиството како такво е само по себе специфично и иако државата и правосудните органи се стремат да го искоренат целосно, тоа е скоро невозможно и не може да се спречи. Убиството е инкриминарно со закон, целта на самото инкриминирање е всушност да се казнат сите форми на убиство. Но гледано од аспект на инкриминирањето нема да биде доволно само инкриминирањето на убиството, туку потребно е да се направи и длабока анализа во смисла на тоа кои се најчестите причини за негова појава, во кои облици може да се појави односно на кој начин може да се манифестира, врз кој може да се врши, кои се последиците од таквото насилство сè со цел луѓето да можат полесно да проценат дали се потенцијални жртви на самото дело, иако за конкретното дело е скоро невозможно од виктимолошки аспект, односно од страна на жртвата да забележи пред време дека таа самата може да биде и потенцијална жртва на самото дело убиство, доколку гледаме низ призмата на криминологијата и на нејзините криминолошки аспекти. Во овој труд посебно ќе се стави акцент на објаснување на етиологијата и феноменологијата на убиството, кои дават одговор на тоа кои се причините и во кои облици, обем, динамика и структура се појавува.

## Етиологија на убиство

Етиологијата на криминалитетот претставува една од основните области на криминологијата. Задача на етиологијата е да ги проучува и утврди општите и индивидуалните причини за настанокот на криминалитетот како негативна општествена појава во општеството.[1] Етиологијата дава одговор на сите прашања, конкретно за убиство, на пример за тоа што довело до појава на конкретниот тип на криминалитет. Конкретно, може да се каже дека етиологијата на убиството дава одговор на прашањето зошто и како се јавува **убиството.** Доколку биде поставено прашањето за тоа кои се причините за убиството многу тешко би било да се даде конкретен и адекватен одговор. Постојат многу фактори кои водат до сторување на делото убиство, но во овој семинарски труд ќе бидат разработени почестите фактори кои се појавуваат како основа за овој вид криминалитет.

## Семејното насилство како фактор за убиство

За потребите на определување на криминолошките карактеристики на кој било вид криминалитет, вклучително и за кривичното дело на убиство при вршење на семејно насилство, потребно е анализирање и одредување на неколку важни аспекти, и тоа, определување на феноменолошките карактеристики на сторителите на кривичното дело на убиство при вршење на семејно насилство, определување на причините кои доведуваат до сторување на кривичното дело на убиство при вршење на семејно

[1] Арнаудовски,Љ,(2007),Криминологија,525

насилство, односно определување на етиолошкиот аспект и секако на крај, превенцијата од ова кривично дело. Овие три аспекти, на феноменологија, етиологија и превенција треба да дадат приказ на сите криминолошки карактеристики на убиството при вршење на семејно насилство, како квалифициран вид на убиство.

## Алкохолизмот како фактор за убиство

Алкохолизам или алкохолна зависност е хронична болест позната по потребата по алкохол. Алкохолизмот може, но и треба да се поврзе со криминалитетот бидејќи зазема значајна улога за пораст на самиот криминалитет. Луѓето кои страдаат од ова заболување се познати како алкохоличари. Алкохолизмот е и социјално патолошка појава која е поврзана со многу други негативни појави во општеството, а особено со криминалитетот. Со сигурност може да се каже дека постои врска помеѓу алкохолизмот и криминалот. Во некои случаи алкохолизмот има улога на одлучувачки фактор при извршување на кривично дело.

Под дејство на алкохол се доаѓа до одредени промени во човековото однесување, се намалува способноста за контролирање на сопствените постапки, а истовремено се зајакнува нагонот за агресивност и затоа луѓето под дејство на алкохол често покажуваат насилно однесување кое однесување може да доведе до убиство на некое лице, бидејќи лицето кое е во алкохолизирана состојба, не е способен правилно да расудува, а со доведување во таа состојба, лицето може да биде и непресметливо и неспособно да го сфати значењето на делото кое го сторил. Свесни сме дека алкохолизмот е еден од најголемите и најзастапени пороци во денешницата, но со самиот пораст и со самата застапеност на алкохолизмот се јавува и порастот на убиството како дело, кое е извршено под дејство на алкохол, бидејќи знаеме дека лицето кое е во алкохолизирана состојба претрпува и психолошки промени со тоа што и способноста трезвено да размислува и постапува доведува во некои случаи и до убиство на некое лице. Според некои психијатриски вештачења кај некои лица кои имаат извршено убиство заклучено е дека тие имале асоцијално растројство, биле под дејство на алкохол и имале низок праг на толеранција при вршење на делото.

## Дрогата како фактор за убиство

Дрога претставува природна или синтетичка хемиска супстанција која влијае на физиолошките и психичките (интелектуални, емоционални, мотивациони) функции. Повеќекратна употреба води кон навикнување или (психичка и/или физичка) зависност. Земањето на некои дроги (хероин, крек, кокаин) брзо предизвикува зависност, а наглото прекинување на нивната употреба предизвикува појава на апстиненцијален синдром. Употребата на дроги резултира со зависност како психолошка така и физичка. Поради ваквата зависност, лицето кое консумира дрога повеќе не може да живее без неа и треба да ја зголеми дозата. Зависноста од дрога може да доведе до убиство во некои случаи, како на пример, во случај кога лицето кое консумира дрога под дејство на наркотични дроги убие друго лице. Другиот случај е кога на наркоманот му требаат пари па решава да изврши убиство сè со цел да дојде до тие пари кои му се потребни за набавување на дрогата.

### Социјално-економската состојба како фактор за убиство

Овде можеме да споменеме дека и социјално-економската состојба влијае како фактор за појава на самото убиство, бидејќи некое лице кое доаѓа од социјално загрозено семејство, кое нема основни услови за егзистенција, одлучува да убие друго лице, сè со цел да се стекне со имотна корист (попознато како убиство од користољубие). Кај овој облик квалификаторен елемент е посебниот мотив, односно користољубивите побуди на сторителот, под што се подразбира безобѕирен егоистички стремеж на сторителот за постигнување на имотна корист по пат на убиство. Убиството е средство да се дојде до материјална корист за себе или за друг.[2]

### Психичко растројство како фактор за убиство

Психичко растројство може да се јави како фактор за убиство бидејќи луѓето кои имаат некое психичко растројство во состојба на афект можат да сторат многу кривични дела, а таков е случајот и со кривичното дело убиство. Луѓето со душевно заболување, како на пример: параноја, шизофренија и други душевни заболувања се карактеризираат со низок праг на толеранција, лесна раздразливост, како и реагираат многу импулсивно и како резултат на тоа, може многу лесно да дојде до извршување на убиството. Душевно болните луѓе лесно запаѓаат во конфликтни ситуации, а им се намалува и способноста за интелектуално процесирање и размислување за последиците. Имено, можат да покажат и крајно агресивно однесување, а во некои случаеви кои се наречени експлозии во однесувањето можат да извршат сериозни кривични дела, како и да го извршат кривичното дело убиство.

### Феноменологија на убиството

Феноменологијата претставува дел од криминологијата која се занимава со појавните форми на криминалитетот и деликвенцијата.[3] Таа е област на криминологијата која се занимава со обликот, структурата и класификацијата на криминалитетот. Таа се занимава со вкупниот број на криминалитет и делквенцијата на одредено подрачје и во определено време. Убиството е кривично дело кое спаѓа во кривични дела против животот и телото. Со кривичните дела против животот и телото како правни основи засновани врз превентивно репресивното дејство на казната во правниот систем е обезбедена институционализирана заштита на животот и телото. Како основни вредности, тие ја предодредуваат универзалноста на правните основи за нивна заштита. Денес кривичните дела од оваа група се сеопшто застапени во кривичните закони. Од тоа се изведува констатацијата за општ и универзален карактер на овие дела. Обичното убиство, како најкарактеристичен претставник на кривичните дела од оваа област, па и квалификуваните видови, се резултат на посебното човеково однесување при извршувањето на нив. Агресивноста како предуслов на агресијата и агресијата како причинска последица на агресивноста се предмет на големи теоретски дебати. Ние застануваме на стојалиште дека квалификуваните видови убиства се дефинитивно резултат на внатрешниот дисбаланс во човековото однесување, неговите

---

[2]Камбовски.В . (2011) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија,634.
[3] Проф.д-р Арнаудовски.Љ (2007) Криминологија 243-244.

посебни скриени психички аномалии и душевни абнормалности. Квалифицираното убиство претставува, по дефиниција, насилнички престап – криминалитет.

### Околности за разликување на квалификуваните убиства

Треба да се обрне посебно внимание на околностите, затоа што токму тие се виталниот елемент кој определува во каков облик (вид) ќе се јави убиството. Убиството извршено на свиреп или подмолен начин и убиството со доведување во опасност на животот на уште некое лице, спаѓаат во групата на квалифицирани убиства. Заедничка карактеристика за квалифицираните убиства е таа што е проширено законското битие на обичното убиство и кон тој круг на објективни и субјективни обележја се придодадени одредени квалификаторни елементи. Природата на тие квалификаторни елементи е таква што неправото на обичното убиство го подигнуваат на повисок степен на неправо, со што обичното убиство се преобразува во тешко, квалифицирано убиство од различен вид. Во чл. 123 ст.2 од КЗ[4] се установени повеќе облици на квалифицирани убиства и тоа со оглед на следниве околности:

-Околности што се однесуваат на начинот на извршувањето: убиство на свиреп или подмолен начин (т. 1), убиство со доведување во опасност живот на уште некое лице (т. 3);

- Субјективни околности што се однесуваат на мотивите на сторителот: убиство од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, безобѕирна одмазда, од други ниски побуди (т. 4), убиство по порачка (т. 5);

- Околности што се однесуваат на својството на жртвата: убиство на бремена жена (т. 6);

-Околности што се однесуваат на својствата и должноста на жртвата: убиство на службено или воено лице во вршење на определени безбедносни должности или убиство на судија, јавен обвинител или адвокат во вршење на неговата функција (т. 7). Ние ќе се осврнеме на околноста што се однесуваа на начинот на извршување на убиството. Според тоа, имаме убиство извршено на свиреп или подмолен начин (чл.123 ст.2 т.1 и т.3) и убиство со доведување во опасност живот на уште некое лице (чл.123 ст.2 т.4).

## Виктимологија

Виктимологијата е добиена од криминологијата и има за цел проучување на жртвите на криминал ва различните фази на виктимизација. Кога станува збор за самиот криминалитет секогаш повеќе се става акцент на сторителот на делото отколку на самата жртва, па затоа виктимологијата зазема многу значајна улога за конечно да се разгледа и страната на жртвата, профилот на самата жртва како и нејзиното однесување во самиот момент кога станала жртва на некое кривично дело, во конкретниот случај за убиството. Како лишување од живот убиството само по себе е насилен и свиреп акт со кој се предизвикуваат болки и страдања кај жртвата (физичко

[4] (2017) Кривичен законик на РМ,чл.123

и психичко страдање на жртвата). Убиството на свиреп начин се карактеризира со зголемен, енормен степен на физички маки и страдање на жртвата, како и свест и волја на сторителот за причинување на такви страдања на жртвата. Иако според законската дикција, убиството на свиреп и убиството на подмолен начин се сместени во ист член, сепак се работи за сосема две различни убиства. Ова квалифицирано убиство се карактеризира со поголем интензитет на потајно и прикриено постапување за да се дојде до жртвата, таа да се лиши од живот со што помалку отпор, при што сторителот ја искористува нејзината беспомошниост и доверба. Подмолното убиство се извршува потајно и прикриено, со доведување на жртвата во беспомошна состојба, кога се искористува довербата и незаштитеноста и кога е ставена во положба да биде лишена од живот ненадејно, од заседа или кога не може да се брани жртвата. Беспомошноста на жртвата се должи токму на односот на доверба спрема сторителот на делото.

**Темна бројка**

Кога зборуваме за криминалот, ќе кажеме дека тој е распространет и повеќе отколку што на граѓаните на некој начин им се прикажува. Овде станува збор за таканаречената темна бројка на криминалот која всушност ги означува кривичните дела кои од различни причини останале неоткриени и оттаму нерегистрирани од страна на органите на прогон. Високата темна бројка кај граѓаните создава чувство на несигурност, незаштитеност, страв, а органите на прогон го губат угледот и довербата.[5] Во прилог, ќе бидат прикажани статистиките прибавени од МВР како и од Државниот завод за статистика, со што ќе ги увидиме пријавените случаи на убиство, но како правници сметаме дека, за жал, темната бројка е многу поголема од онаа која ја знаат граѓаните.

**Табела 1: Статистика на осудени лица за кривично дело убиство**

| | **Кривични дела против животот и телото** |
|---|---|
| **ГОДИНА** | **ОСУДЕНИ** |
| 2000 | 724 |
| 2001 | 529 |
| 2002 | 567 |
| 2003 | 684 |
| 2004 | 674 |
| 2005 | 689 |
| 2006 | 857 |
| 2007 | 826 |

[5]Арнаудовски Љ,(2007), Криминологија , 138-140, Скопје

| | |
|---|---|
| 2008 | 835 |
| 2009 | 905 (УБИСТВО) |

***Извор: Државен завод за статистика (Осудени полнолетни лица според кривичните дела) 2000-2009***

Според податоците од Државниот завод за статистика во периодот од 2000-2009 година, може да се констатира дека оваа група кривични дела е во пораст. Така на пример, во 2000 година биле осудени 724 лица, а додека пак во 2009 (година во која се достигнува кулминацијата), таа бројка изнесува 905 лица. На кривичното дело убиство (чл.123, КЗ) за 2009 година, од кои само во еден случај сторител била жена. Притоа, треба да истакнеме дека во отсуство на точна бројка за тоа колку отпаѓа на убиството на свиреп или подмолен начин и на убиството со доведување во опасност на животот на уште некое лице, сите квалифицирани облици на убиство се супсумираат под обичниот облик според статистиката. Во 13 случаи во 2009 година (11 случаи) е изречена казна затвор во траење од 10-15 години (што можеме да кажеме дека се квалифицирани), а во 14 случаи казна затвор во траење од 5-10 години (што можеме да кажеме дека е обичниот облик на убиство).

**Табела 2: Пријавени полнолетни лица – познати сторители според групите на КД и по градови**

| Пријавени полнолетни лица – познати сторители според групите на К.Д и по градови | вкупно познати сторители | животот и телото | слободите и правата на човекот и граѓанинот | половата слобода и половиот морал | јавните финансии и платниот промет | имотот | бракот и семеј-ството | општата сигурност на луѓето и имотот | безбед-носта на јавниот сообраќај | правниот сообраќај | | јавниот ред | службената должност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **12 233** | **885** | **551** | **67** | **303** | **2 895** | **438** | **154** | **2 302** | **444** | **841** | **455** | **2 898** |
| Кичево | 497 | 46 | 6 | 5 | 7 | 107 | 17 | 11 | 68 | 31 | 22 | 23 | 154 |
| Охрид | 98 | 8 | 6 | - | 2 | 20 | - | 2 | 15 | 2 | 6 | 4 | 33 |
| Битола | 547 | 42 | 34 | 3 | 11 | 180 | 36 | 6 | 55 | 9 | 23 | 12 | 136 |
| Прилеп | 773 | 86 | 41 | 4 | - | 287 | 40 | 6 | 70 | 12 | 58 | 46 | 123 |
| Кавадарци | 579 | 49 | 52 | 6 | 8 | 147 | 26 | 10 | 73 | 8 | 57 | 19 | 124 |
| Гевгелија | 330 | 28 | 26 | 3 | 16 | 56 | 20 | 1 | 34 | 13 | 10 | 8 | 115 |
| Велес | 620 | 54 | 25 | 6 | 5 | 173 | 23 | 8 | 97 | 6 | 33 | 39 | 151 |
| Крива Паланка | 255 | 18 | 2 | - | 17 | 18 | 12 | 2 | 26 | 95 | 16 | - | 49 |
| Куманово | 329 | 27 | 9 | 3 | 13 | 64 | 13 | 13 | 43 | 18 | 34 | 5 | 87 |
| Гостивар | 295 | 34 | 21 | 5 | 7 | 55 | 7 | 8 | 26 | 5 | 27 | 17 | 83 |
| Тетово | 1 147 | 73 | 51 | 2 | 121 | 158 | 14 | 10 | 237 | 14 | 132 | 26 | 309 |
| Делчево | 146 | 14 | 5 | 2 | - | 28 | 5 | 3 | 12 | 11 | 8 | 4 | 54 |
| Берово | 151 | 7 | 10 | - | 2 | 22 | 6 | 2 | 14 | 1 | 8 | 12 | 67 |
| Радовиш | 192 | 18 | 16 | - | 1 | 68 | 8 | 1 | 26 | 5 | 5 | 1 | 43 |
| Свети Николе | 86 | 11 | 3 | - | - | 18 | 4 | 4 | 9 | 1 | 4 | 2 | 30 |
| Струмица | 816 | 43 | 50 | 13 | 7 | 256 | 32 | 9 | 102 | 13 | 64 | 27 | 200 |
| Кочани | 124 | 5 | 9 | 1 | - | 43 | 10 | 1 | 16 | 3 | 14 | - | 22 |
| Штип | 388 | 34 | 30 | 4 | 4 | 107 | 18 | 6 | 60 | 4 | 32 | 12 | 77 |
| Скопје | 3 906 | 229 | 90 | 9 | 50 | 910 | 124 | 38 | 1 228 | 150 | 212 | 154 | 712 |
| Скопје - организиран криминал | 163 | 2 | 13 | - | 9 | 1 | - | 1 | - | - | 20 | 10 | 107 |
| Ресен | 98 | 6 | 4 | - | 1 | 23 | 2 | 1 | 7 | 9 | 7 | 1 | 37 |
| Струга | 467 | 44 | 24 | 1 | 8 | 118 | 14 | 5 | 63 | 26 | 37 | 24 | 103 |

Според оваа табела може да се увиде дека вкупно познати **полнолетни** сторители се 12 233. Од кои најмногу има во Скопје – 3 906. После главниот град, следи Тетово каде што има 1 147 познати сторители. Во Штип, забележани се 388 познати сторители.

**Табела 3: Обвинети полнолетни лица според групите на кривичните дела, видот на одлуката и полот**

| Обвинети полнолетни лица според групите на кривичните дела, видот на одлуката и полот | Вкупно обвинети лица Accused persons - total | Жени Female | **Виновни Convicted persons** | Не се прогласени за виновни Persons not convicted | | | Мерки за безбедност Security measures |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Запрена постапка Investigation terminated | Ослободени од обвинение Charge dropped | обвинението е одбиено Charge rejected | |
| **Вкупно** | **8 580** | **787** | **7 634** | **445** | **268** | **233** | **74** |
| Кривични дела против животот и телото | 787 | 76 | 499 | 215 | 33 | 40 | 11 |

| Кривично дело Убиство | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно обвинети лица | 25 | 27 | 21 | 14 | 18 |
| Обвинети Жени | 1 | / | 1 | / | 1 |
| Обвинети Мажи | 24 | 27 | 20 | 14 | 17 |
| Осудителни пресуди | 20 | 10 | 15 | 13 | / |

Според оваа табела може да се заклучи дека во периодот од 2017 година до 2021 година, најмногу обвинети лица се забележани во 2017 година. Како што може да се забележи од самата табела, **како обвинети жени** во 2017, 2019, 2021 се јавува само по една. Додека пак **за обвинети мажи** за кривичното дело убиство бројот е значително поголем, односно за 2017 година се забележани 24 обвинети, за 2018 година бројот на обвинети мажи изнесува 27 лица, за 2019 година 20, за 2020 година 14 како и за 2021 година 17. Овде може да се пофалиме со намалување на бројот на обвинети од периодот од 2017-2021 г. што може да се каже дека е за пофалба, бидејќи според табелата во 2018 имаме најмногу обвинети, односно 27 лица кои се мажи, додека пак најмалку обвинети според табелата имаме во 2020 година само 14 лица. Во периодот од 2017 до 2020 година, изречени се осудителни пресуди, од кои најмногу **осудителни пресуди** се изречени во 2017 година, односно 20. Во 2020 година имаме благо намалување на нив, односно 13.[6]

**Извор: Државен завод за статистика**

**Табела 4: Кривично дело убиство по сектори низ територијата на РСМ**

[6] Државен завод за статистика

| Кривично дело убиство по сектори | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
| **СВР Скопје** | 14 | 12 | 8 | 8 | 8 | 6 | 4 | 11 | 7 | 9 |
| **СВР Битола** | 3 | / | 3 | 1 | 2 | / | 3 | 5 | 3 | 1 |
| **СВР Велес** | / | 2 | 4 | 2 | 6 | 1 | 1 | 2 | / | 1 |
| **СВР Куманово** | 7 | 4 | 2 | 3 | 1 | 2 | 4 | 1 | 1 | 2 |
| **СВР Охрид** | 5 | 3 | 3 | / | 2 | 4 | 1 | 3 | 3 | 2 |
| **СВР Струмица** | 3 | 3 | 2 | 1 | / | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| **СВР Тетово** | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 7 | 2 | 3 | 2 | 3 |
| **СВР Штип** | 4 | / | 2 | 2 | 4 | 1 | / | 1 | 2 | 2 |

**Извор: Министерство за внатрешни работи**

Според оваа табела можеме да забележиме дека најмногу убиства се забележани во СВР Скопје и тоа  со сигурност се должи на тоа што Скопје, како главен град, е и најголем во нашата држава, па како што е поголем градот така и криминалот расте паралелно, а со тоа и зголемувањето на бројот на криминалитет кој се врши во него. Овде е разгледан периодот од 2010-2019 година, каде што во 2010 биле извршени 14 убиства.[7] Во 2011 имаме 12 убиства, за со текот на годините истиот број да се намали, но во 2017 имаме благ пораст, односно во СВР Скопје, пријавени се 11 убиства. Доколку го разгледаме СВР Штип во периодот од 2010-2019 г., можеме да забележиме дека бројот на убиства се движи од 4 до 2 убиства.

## ЗАКЛУЧОК

Од сето изнесено можеме да заклучиме дека криминалитетот е збирен поим на различни по вид и тежина криминални, антисоцијални, асоцијални и деликвентни поведенија на поединци и групи што општеството ги забранува и казнува поради тоа што претставуваат повреда и загрозување на некоја правна норма со која, во воспоставениот правен поредок, се напаѓаат и загрозуваат некои заштитени и загарантирани индивидуални и општествени добра и вредности, права и слободи. Доколку зборуваме за кривичното дело убиство овде би се спомeнало дека тоа постои насекаде низ светот, тоа е присутно секаде без разлика на раса, етничката припадност, бојата на кожа, националната припадност, полот, религијата и класа. Етиологијата на кривичното дело убиство, ни помага за разоткривање на причините поради кои доаѓа до убиство, односно  ги објаснува факторите кои доведуваат до убиство. Во семинарскиот труд како фактори за убиство ги споменавме: алкохолизмот, консумирањето на дрога, семејното насилство, социјално-економскиот состојба како и психичкото растројство кое може да доведе до убиство. Во семинарскиот труд се спомна и феноменологијата,

[7] Министерство за внатрешни работи

односно зошто се појавува самиот криминалитет, како и виктимологијата која ги проучува жртвите. Со статистиката од страна на МВР како и од страна на Државниот завод за статистика увидовме, колку убиства се извршени на територијата на нашата држава во определен временски период од неколку години. Да не се заборави и темната бројка, која за жал е многу поголема од бројката на сторители кои се пријавени во државните органи.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Арнаудовски Љ,(2007), Криминологија, Скопје

Државен завод за статистика на РСМ

Камбовски.В . (2011), Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија

Кривичен законик на РСМ (2017)

Министерство за внатрешни работи